билтен бр.1

# 47.

# Македонски театарски фестивал ”Војдан Чернодрински” - Прилеп









01-08 јуни 2012

# Железниот репертоар, доказ за незапирливиот раст на македонската театарска уметност

*И, би ТЕАТАР !!! Магичниот допир на волшебниот здив на Талија, синоќа, по 47-ми пат ги подигна завесите на сцената од храмот на тетарската уметност. Светнаа рефлекторите, блесна илузијата!!! Започна 47-то издание на МТФ "Војдан Чернодрински", кој, полека, но сигурно, грабејќи кон својот златен јубилеј, неоспорно, уште еднаш, само го потврдува незапирливиот галоп на македонската театетарска уметност. Стерната бликна ! Понуденото- за восхит! Навраќањето кон неповторливите големи дела на мајсторите на пишаната реч, особено на драмската, од типот на Бомарше, Чехов, Пушкин, Ками, Мрожек, Крле и ним сличните, неприкосновено ветуваат возбудливи и "немирни" театарски збиднувања. Стаписани пред годинашната понуда на Фестивалот и во големо исчекување на неповторливи професионални и уметнички исклучителни театарски доживувања, стануваме свесни дека ТЕАТАРОТ не само што може да биде ЖИВОТ, туку, дека тој е и СУДБИНА, предодредена само за ОДБРАНИТЕ, за ОДВАЖНИТЕ за кои глумата, актерската игра, пантомимата, гестикулацијата се СЀ или НИШТО.....за кои тоа "ПОМЕЃУ", едноставно НЕ ПОСТОИ...!!! Велат дека ТЕАТАРОТ зближува, но, знае и да боцка, да удира онаму каде што најмногу боли, да укажува, да резонира, да биде чекор пред времињата кои се наше секојдневие !!! Ако тоа е така, тогаш, годинашниов, 47-ми по ред МТФ "Војдан Чернодрински", во лулката на основоположникот на драмската уметност, чие име и го носи, нека ги сруши сите граници на досега виденото, нека го надмине реалното и нека не однесе кон она што привидно е ИМАГИНАРНО, а во суштина е она што сме ние, токму сега и токму овде.... !*

# отворање, отворање, отворање . . .



*Се крена завесата на 47. Македонски театарски фестивал "Војдан Чернодрински". Фестивалот, круната на најдобрите театарски остварувања на македонските професионални куќи блесна. Традиционално, пригодно и со почит за театарските дејци.*

*Големи беа аплаузите за добитниците на наградата за животно дело: сценографот Владимир Георгиевски, актерите Незакет Али и Владимир Светиев. Публиката посебно ја допре одлуката посмртно ова престижно признание да го добие големиот актерски творец Кирил Ристоски кој со години беше на чело на оваа манифестација.*

*- Многу сум возбуден што наградата ја добивам пред прилепската публика. Ова е круна на мојот творечки пат, рече меѓу другото актерот Владимир Светиев. Во име на актерката Незакет Али, наградата со многу возбуда ја прими нејзината ќерка, Џанан Али.*



*Во својот поздравен говор заменик министерот за култура Драган Недељковиќ рече дека сме на почетокот на уште една театарска магија.*

*- По 47-ми пат, овој реномиран фестивал ја продолжува традицијата да се живее и да се дише со Театарот. Ова издание, на големо задоволство на публиката, ќе ни презентира 13 претстави во официјалната конкуренција и ќе ни даде вистинска можност да ја погледнеме најквалитетната продукција на театрите низ Македонија за годинава.*
*Фестивалот кој го носи името на основоположникот на македонската драма - познатиот драмски автор, актер и режисер Војдан Чернодрински, несомнено, овие речиси пет децении прерасна во бренд на македонското театарско живеење. Токму затоа, Министерството за култура на Република Македонија традиционално ја дава својата поддршка за овој фестивал, кој заслужено освои значајно место во македонската култура и стана белег на препознатливост за нашите творци и воопшто, симбол на Република Македонија. Во оваа пригода сакам да ги поздравам залагањата на тимот што го реализира овој фестивал и на уметничкиот директор  Петар Темелковски. Убеден сум дека и годинава ќе го повторат успехот од минатите години и ќе ни приредат вистинско театарско уживање. Со искрени*

# фестивалот е отворен . . .



*желби посакувам натамошен растеж на фестивалот - рече заменик министерот Недељковиќ.*

*Уметничкиот директор на Фестивалот, Петар Темелковски и пренесе на публиката едноставни желби: - Ви посакувам немирни и возбудливи фестивалски денови.*

*За отворен Фестивалот го прогласи градоначалникот на Прилеп, Марјан Ристески.*

*- Големо е задоволството што ја имам честа да бидам дел од сцената на која се создава драмската уметност, која е своевиден приказ на делови од општественото живеење. Театарот е симбиоза на актуелните и минатите случувања каде некогаш се сретнуваат предвидувањата. Театарот е извор на забава и инспирација и тој умее да ги соедини големиот број различни народи и култури низ светот. Но, тој е многу повеќе од тоа и дава можност да се образоваме и информираме. Годинашново издание на МТФ претставува средба на старите пријатели и новите ѕвезди на тетарската сцена, премиерите и предизведбите. Почитувани, ова манифестација сама по себе говори дека пораките се актуелни векови по нивното создавање, момент кои се маестрално изведени, кои суптилно го создаваат драмското дејствие. Денес, фестивалот е настан што несомнено дава печат на целокупното културно живеење во државава. Овој Фестивал преку својата програма нуди пресек на актуелниот театарски миг низ кој минува македонскиот театар. Несомнено, градејќи се себе си, фестивалот “Војдан Чернодрински:, но и фестивалите “Прочка', “Пиво-фестот”, Ликовната и скулпторска колонија, фестивалот на гајди “Пеце Атанасоски”, го позиционираа Прилеп како епицентер во кој се премрежуваат културни збиднувања и настани и трајно го определија како простор посветен на космополитскиот дух на уметноста. Фестивалот ја отсликува на најдобар можен начин потребата за идентификаија на културата и традицијата кои се долги колку и самата македонска нација. Стремежите на нашите театарски творци во доменот на театарскиот израз се само уште една потврда за суштинската потреба од театар во нашата земја. Поддржувајќи го овој Фестивал, создадовме еден препознатлив бренд за нашиот град каде културата и уметноста се достапни за секој граѓанин. Во срцето на овој град секогаш имало место за сценската уметност. Велат, театарот е пат кон вистината, тој подучува, образува и духовно надоградува. Театарот е полн со мудрост и длабока смисла, а јас како градоначалник на општина Прилеп ќе се потрудам тој секогашда го има своето заслучено место во културата и традицијата на нашиот град и во РМ. Ми останува само да ве поздравам и да ви посакам да уживате во претставите кои ќе се одиграат во текот на ова недела, како и да им честитам на наградените за животно дело, актерите Владимир Светиев и Незакет Али, постхумно на нашиот Кирил Ристоски, како и на сценографот м-р Владимир Георгиевски, кои оставија траен запис во македонската тетарска уметност. Го прогласувам Фестивалот за отворен и уживајте во прекрасните претстави!*

# награда за животно дело Владимир Георгиевски - сценограф, костимограф, академски сликар и педагог



**Вие сте сценограф и костимограф кој има потпишано сценографии на над 57 професионални театарски претстави, а дури на половината сте биле и костимограф. Дали овој квантитативен податок Ви ја донесе наградата животно дело?**

- Не знам дали бројот 57 е единствениот критериум за доделување на оваа награда, но без оглед на бројот колку сценографии и костимографии сум направил, па дури и театарски плакати, во суштина јас цело време работев една сценографија. Тоа значи го барав својот сопствен сценографски знак по кој ќе бидам препознатлив како творечка личност, а потем се разбира и претставата ќе добие сосем поинакви нови значења, особено актерската игра. Сите сценографии кои сум ги направил, биле врзани за разбирањето и сваќањето дека актерот е тој кој ја оживува на сцената.

**Дали тоа значи дека претставувате една сцена во сите тие 60 -тина сценографии всушност се "парчиња", "позиции", "верзии" од една размисла. Која е таа основна водилка при правењето на сцената?**

- Сценографијата како уметност е силна, единствена и речиси апсолутно неповторлива. Тоа е цртање по сцена, со разни објекти, со светло, реквизита итн. Но, до сценографскиот знак, оној личниот, творечкиот, се доаѓа низ истражувања, експерименти, низ соодветна драма на избраните материјали, настојувајќи да го направам видливо она што е невидливо, всушност, во претставата.

**Како сценографот приоѓа при барање решение за сценографијата?**

- Процесот на создавање на сценографијата започнува најнапред со прочитување на делото, со темелната анализа за тоа кој е авторот, во кое време живеел, кои се карактеристиките на тоа време. Осознавајќи ги тие елементи, сценографот може да седне и разговара со режисерот, но не веќе за содржината на делото, туку за тоа што ќе направиме ние на пример од една "Лебедова песна" на Чехов, од еден Хамлет, како тоа ќе го претставиме на сцена, како ќе го оживееме, низ кои знаци. Сценографот е должен да направи колористички картони, од каде ќе се види другиот сценографски знак, а тоа е драматургијата на бојата. Бојата не смее да биде занемарена, туку ако биде внесена во претставата, таа е акер која мора да игра исто како што играат и актерите на сцената. По тие колористички картони, сценографот е должен да направи макета, во соодветен сооднос со сите елементи кои се усвоени заедно со режисерот. Актерите точно да го видат просторот и знаците во просторот, заедно со светлото кое се демонстрира на макетата, за да можат во својата свест да го видат тој простор во кој ќе чекори. Градењето на сценографскиот простор е всушност и отворањето на просторот во актерската игра како елемент на драматургијата. Не е сосема сеедно како мизансценски ќе се движи актерот по сцената и на кој начин ќе ја допре сценографијата односно ќе ја осмисли низ играта.

**Кои се пријателските материјали кои ги користите, наспроти современите 3Д проекции, видео бимови итн.?**

- Времево во кое живееме воведе во театарската игра нешто што го носи името дизајн. Да се дизајнира еден простор значи да се употребат современа техника и технологија, кои ја покриваат играта на актерот, го одземаат вниманието на гледачот и не дозволуваат духовната страна на ликот, кој актерот го игра, да излезе на површина. Оттаму, лично сметам дека она што денес се случува во современиот театар под името дизајн е всушност еден недостиг на инвенција, на имагинација, недостиг на интелект кои се потребни за да се осмисли, испроектира просторот во кој ќе се одвива играта. Што се донесува до материјалите, секогаш употребувам природни материјали, никогаш не сум каширал никакви рикванди или елементи од куќа. Напротив, секогаш сум трагал по природни материјали, дрво, а во амбиентални претстави кои се играле надвор сум користел и камен. Во една претстава изградивме цело едно село зад сцената кое го запаливме потоа. Сето тоа делуваше крајно возбудливо и крајно драматично.

**Кога ќе се направи сценографијата, какво е задоволството да се направат и костимите, за да се спојат тие два елементи?**

- Кога сум работел сценографија и костимографија, како една единствена целина, сум се чувствувал најсреќен. Истовремено и најодговорен затоа што костимот е втората кожа на актерот. Костимот мора да функционира однадвор и од внатре, да ја каже внатрешната состојба на духот на личноста која актерот ја игра. Да се вклопат едното и другото, се подразбираат многу опсежни разговори со режисерот и силни анализи на структурата на движењата што би биле употребени во мизансценот за да може костимот да ја покаже таа невидлива страна, а всушност да го отслика видливиот карактер на ликот. Костимот го доживувам како музичка етида во која хармонската делница е исклучително цврсто врзана за просторот.

**Што е тоа што ги привлекува театарските куќи за да го бараат Вашето име?**

- Резултатите кои најчесто се видливи во претствата, говореле колку гледалиштето е опседнато од магијата која доаѓа од сцената, комплетноста на играта, а и од сценографијата и костимот. Сакам да анализам, да истражувам...



**Вие сте и педагог, академски сликар, костимограф и сценограф. Во која "кожа" се чувствувате најубаво?**

- Сето е една целина и никогаш не сум ги почувствувал одделно. Кога работам со моите студенти, им помагам да сфатат и да разберат дека човекот не се димензионира само однадвор, како пропорција, туку и од внатре. Тоа е најсложеното во проектантскиот чин, како што е најсложено и во сценографскиот знак, и во костимот. Архитектурата е одлична основа за еден сценограф како едукација. Во сликарството сум наполно сам пред сопствениот суд, пред кој јас сум најригорозниот судија, обвинител, бранител на ставот.

**Во вашата биографија се голем број награди меѓу кои и Стериината награда за сценографија.**

- Наградите се значајни мигови во животот на еден творец, но не се и пресудни. Лично, наградата на Чернодрински ќе ја внесам во моите понатамошни напори, на Архитектонскиот факултет каде држам факултативна настава, како обврска што ќе ја почувствувам пред моите студенти за да им ја откријам до крај магијата на театарската уметност.

## гледавме . . .

Македонски народен театар Скопје
**“Свадбата на Фигаро”** од Бомарше
Режисер: Леван Цуладзе
Играа: Нино Леви, Николина Кујача, Сашко Коцев, Сашка Димитровска, Славиша Кајевски, Драгана Костадиновска, Томе Витанов, Марија Новак, Кирил Поп Христов



## претставата . . .

Претставата “Свадбата на Фигаро” ја пренесе веселата, лежерна атмосфера од дејствието, на публиката, која и ја препозна. Тоа е онаа атмосфера која е и дел од играта на сцена која верно прикажува едно богато семејство на одмор но со перипетиите што ги создава заблудата како движечка сила на заплетот. Анонимусот Фигаро лесно, со сценски израз го движеше заплетот со сесрдна помош на другите ликови. Публиката одлично се забавуваше заедно со актерите.

---

**Сашко Коцев,** актер

Оваа претстава ни е мила, на цел колегиум, затоа што е работена за Охридско лето и се одвиваше во еден многу “мек”, лежерен процес, дури како да бевме на одмор. Секогаш кога ја играме сме возбудени и среќни. Оваа е уиграна претстава, но сепак, во почетокот, се почувствува една напнатост затоа што ова е Фестивал, но потоа се опуштивме. Претставата има голем прием во Скопје. Вечерва почувствуваме дека и публиката овде убаво реагираше.
Првпат работевме со режисерот Цуладзе од Грузија. Ја надминавме јазичната бариера, а Цуладзе е посебно духовит.

**Сашка Димитровска,** актер

Секогаш ни е чест да играме пред прилепската публика. Вечерва имавме, морам да признаам, трема која ја немавме уште од премиерата. Јас, мора да бидам искрена, прво не сакав да ја играм улогата. Но кога почнавме да работиме, сфатив дека ако не играв, ќе пропуштев многу. Мислам дека ја доловив улогата на Сузан. Режисерот е прекрасен човек, имаше нов пристап, беше едноставен, а знаеме дека таквите луѓе се генијалци.

**Нино Леви,** актер

Не ја делам публиката на фестивалска и друга, прилепска или скопска, македонска. Публиката е публика, која има начин на гледање и има право да ја види како сака. Публиката секогаш е извонредна. Нејзините реакции се благородни. Таа е репер за нашето творештво и затоа нема фестивалска и друга публика. Некои колеги играат поинаку, вложуваат повеќе во игрите за фестивал, во споредба со редовните претстави. Тоа се случува. Колегите сакаат да се истакнат повеќе кога е фестивалот во прашање. Лично не сум од тој ранг на актери, кој сака да менува нешто во играта на фестивал, затоа што претставата има структура, тежина, дејство, содржина, темпо, ритам... И тоа ја краси претставата. Ако малку се промени дејството, тогаш не е тоа оригиналното. Главно, нема отстапки и мислам дека добро се претставивме.

## *публиката . . .*

Никола Колески - Уф, изворедно издание на Бомарше, на неговата "Свадбата на Фигаро". Ми се допадна играта на Сашо Коцев и на Нино Леви, но и на женскиот дел, особено на Сашка Димитровска. Целосно претставата беше динамична полна со пулсирање и необично доближување на сплеткарските членови на палататата на грофот.

Емил Стојаноски - Жива и подвижина игра. Претставата е полна со динамика, со нестандарден стил на пренесување на чувствата и карактерите. Малку сцената не соодветствуваше на динамиката на акатерите, сепак, во целост, екипата на МНТ предизвика аплаузи, макар што ги немаше на отворена сцена.



# чествување по повод наградата за животно дело

# "Чернодрински" за Кирил Ристоски




Со отворањето на изложбата на фотографии од Кирил Ристоски, со костимите од претстави што тој ги носел и со претстава во режија на Зоја Бузалковска, Фестивалот му се оддолжи на прерано починатиот актер Кирил Ристоски. Тој повеќе од 10 години беше на чело на оваа манифестација.

На изложбата говореа сценографот Владимир Георгиевски и режисерот Владо Цветановски.

Георгиевски нагласи дека, кога творецот ќе втаса до себе си, се просветлува.

- Твроештвото е енергија која низ делото што го создава го поседува сиот свет и затоа творецот е семоќен! Осознавањето низ творештвото е единствено богатство. Кога творецот постојано дејствува, има челична волја. И еден ден Творецот ќе замине во темните вилаети на светлината што не гасне... Делото негово, ако остане во незаборавот, тоа значи дека неговиот создател е бесмртен... рече Георievски.

Режисерот Владо Цветановски побара Прилеп да именува некоја значајна културна институција со името на Кирил Ристоски. Така достојно ќе му оддаде почит на големиот театарски уметник и професор.

Ристоски во македонскиот театар е значајна и светла точка од која сите ние има што да црпиме и учиме - посочи Цветнаовски.

Според Јелена Лужина, Кирил Ристоски остави дело поголемо од животот.

- Од неполни 63 преживеани години, безмалку 46 години од животот, Кирил Ристоски ги оджевеа како



професионален актер. Дебитирал со ноторната епизода (Првиот стражар) во Шекспировата комедија (Ноќ спроти Водици) на сцената на прилепскиот театар во сезоната 1965/66 година. Во родниот театар останал седум години кога одиграл 17 ролји. Лека полека напредувал во хиерархијата. Ама го прогонувало чувството дека, освен дарбата и вештините, актерот мора да има и солидно образование. На 25 годишна возраст се запишал на отсекот за актерска игра на Музичката академија во Скопје, за да студира како најстар во својата класа. И пред да дипломира, Ристоски играл во претставите на МНТ, каде се вработил во 1987 година. Десет години подоцна, ФДУ го избрал за доцент по предметот актерска игра. Наредните 23 години ги поминал обожуван како даскал, врвен театарски педагог. Одиграл вкупно 83 театарски, филмски и телевизиски ролји. Снимил повеќе од 200 радио драми. Одработил небројни поетски настани. Добил вкупно 10 актерски награди, од кои пет во Прилеп на МТФ ,,Војдан Чернодрински,, фестивалот што во 1997 година среќно го реконструирал, а потоа успешно го водел полни 10 години... Кирил Ристоски е единствениот македонски актер кој ја има привилегијата да биде не само сиболика, туку и вистинска алка - поврзница на феноменот, кој уште пред 60 години еден голем македонски критичар го нарече "македонска глума" - истакна Лужина.



# и з л о ж б и . . .



**Цртежи и графики од Димитар Малиданов**

Во присуство на градоначалникот Марјан Ристески, на уметничкиот директор Петар Темелковски, на директорот на ЦК "Марко Цепенков" Тони Чатлески, на љубители на ликовната уметност, во галеријата беше отворена изложба на цртежи и графики од Димитар Малиданов, редовен професор на ФЛУ во Скопје.

За творештвото на Малиданов говореше писателот Трајче Крстески, посочувајќи го како многу интересно, во кое има препознатлив белег на вегетабилни мотиви.

Со графиките авторот отвора влез во еден неисцрпен и нездогледлив свет, исполнет со многу оригинални семиотички и архетипски знаци и симболи. Открива една нова градба на графичката уметност, исполнета со необична убавина.



Досега имал 30 самостојни изложби, а учествувал на преку 200 групни изложби во земјава и во странство. Малиданов е добитник на повеќе награди и признанија, меѓу кои наградата за уметност - 11 Октомври.

**,,Маинстреам,, од Христина Зафировска**

,,Маинстреам,, е тематската изложба на уметникот Христина Зафировска, што беше отворена во фоајето на Центарот за култура. На отворањето присуствуваше и заменик министерот за култура Драган Недељковиќ.

Отворајќи ја изложбата, новинарот Каролина Мицевска забележа дека Зафировска се погрижила да се претстави со атрактивни, интересни објекти - слики на кои преку линијата, бојата, контрастот и ритамот ја пренесла нејзината инспирација од матицата.

Зафировска има дипломирано на ФЛУ во Скопје, на отсекот сликарство со графички дизајн. Досега имала повеќе самостојни изложби во земјава и во странство, а учествувала и на повеќе ликовни колонии, меѓу кои и на колонијата Дрен.

# а т м о с ф е р а . . .



Актерот и професорот. Најдо Тодески и Љупчо Печијарески. Едниот задолжен за глума, другиот да анализира. И двајцата го проучуваат каталогот на Фестивалот.

- - - - - - - - - - - - - -



Градоначалникот Марјан Ристески со сопругата на театар. Ристески и објаснува на својата поубава половина дека мора да се качи на сцена. Не да глуми, туку да го отвори Фестивалот.



Некој постојано го бара уметничкиот директор Петар Темелковски. Тој совреме го кажа своето за претставите. Што ли бараат сега да им објасне?

- - - - - - - - - - - - - -



Публиката во Домот на културата стана на нозе и со аплауз да му оддаде почит на актерот и професорот, едноставно на големиот театарски уметник Кирил Ристоски.

# ќе гледаме . . .

Сабота - 2 јуни
19.30 ч.- сцена ЦК ,,Марко Цепенков,,
**,,Со тупаница на ножот,,** од Боал, во режија на Сулејман Рушити
Тетовски театар

22.00 ч. Фоаје Театар ,,Војдан Чернодрински,,
**THEATRE = THEATRE +/-**
Филип Јовановски, Музеј на град Скопје

22.00 - театар ,,Војдан Чернодрински,,
**,,КАЛИГУЛА,,** режија Зоја Бузалковска
Прилепски театар

24.00 ч.- ЦК ,,Марко Цепенков,,
**,,Звукот на коските што се кршат,,** од Лебо, во режија на Билјана Радиноска
Продукција ТЕАТРА- Скопје

Недела - 3 јуни
19.30 ч. - ЦК ,,Марко Цепенков,,
**,,Животот на Молиер,,** од Булгаков, во режија на Александар Поповски
МНТ - Скопје

22.00 ч.- Театар ,,Војдан Чернодрински,,
**,,Полицајци,,** од Мрожек, во режија на Андреј Цветановски
Театар Охрид

Понеделник - 4 јуни
12.00 ч.- Театар,, Војдан Чернодрински,,
**,,Волшебникот од Оз,,** од Баум, во режија на Боњо Лунгов
Театар за деца и младинци - Скопје

19.30 ч. - Театар ,,Војдан Чернодрински,,
**,,Парите се отепувачка,,** од Крле, во режија на Александар Ивановски
Театар Штип

22.00 ч.- ЦК ,,Марко Цепенков,,
**,,Вишновата градина,,** од Чехов, во режија на Ѕвездана Ангеловска
Битолски театар

24.00 ч. - Театар ,,Војдан Чернодрински,,
**,,4.48 Психоза,,** од Кејн, во режија на Ѓорѓи Јолевски
Културен центар ,,Квартет,, во копродукција со МНТ

# *47. Македонски театарски фестивал "Војдан Чернодрински" - Прилеп*

**Покровители:**
***Министерство за култура на Република Македонија***
***Собрание на Општина Прилеп***

**Собрание на МТФ:**
Сенко Велинов - Македонски народен театар - Скопје
Јордан Витанов - Театар Велес
Бранко Ѓорчев - Драмски театар - Скопје
Јелена Жугиќ - Театар "Комедија" - Скопје
Адем Карага - Албански театар - Скопје
Трајче Кацаров - Театар Штип
Атила Клинче - Турски театар - Скопје
Драган Маџиров - Театар Струмица
Роберт Павлески - Театар Куманово
Валентин Светозарев - Народен театар - Битола
Горан Стојановски - Театар Охрид
Валмир Азири - Тетовски театар - Тетово
Тони Чатлески - Театар Прилеп

**Извршен одбор на МТФ:**
Сенко Велинов - Претседател
Бранко Ѓорчев - Член
Адем Карага - Член
Јордан Витанов - Член
Валентин Светозарев - Член

**Уметнички директор:**
Петар Темелковски

**Жири комисија:**
Братислав Димитров
Веби Керими
Златко Славенски

**Секретар на МТФ:**
Стојан Дамчески

**Технички секретар:**
Љупчо Тодоровски

Билтен на 47. МТФ
"ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ" - Прилеп
**За издавачот:** Петар Темелкоски
**Уредници на Билтенот:** Елизабета Митреска, Каролина Мицевска, Светлана Ристеска, Каролина Дурло и Љупчо Мургоски
**Фотографии:** Елизабета Митреска, Светлана Ристеска и Каролина Мицевска, "Фан" продукција.
Печати: "ТИРЕКС" - Прилеп
Македонски театарски фестивал
**"ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ" - ПРИЛЕП**
НУ Центар за култура "Марко Цепенков"
7500 Прилеп
тел.: 048/401-630 или 425-520
факс: 048/401-631
E-mail: mtf_vc@yahoo.com, info@mtf.com.mk